# „Ефемерки“ – уметност за враќање кон иднината

Секој од нас е, бил или може да биде човек кој „лета(л) од работа“, по што се соочува со професионален и социјален вакуум во кој самиот не може ништо да направи. Можеби може да протестира и да се обидува неговиот глас да биде чуен. Уметничкото дуо „Ефемерки“, кое го сочинуваат авторките Драгана Заревска и Јасна Димитровска, со своето дело „Космонаут под стечај“ повторно ги отворија прашањата за работничките права и за солидарноста, но овој пат преку уметничко дело. Со нивното интерактивно дело (картонска скулптура на руски космонаут) тие ја раскажуваат приказната на Алексеј Шаталов – Вес, еден од многумината кои ја загубиле својата работа откако космодромот во Кисловодск беше затворен во 2001 година поради банкрот.
„Неговата животна приказна во многу аспекти е слична со приказната на нашите родители, или со приказната на родителите на нашите пријатели и непријатели кои ги загубија своите работни места по распадот на Југославија и по масовното заторање на повеќе претпријатија. Доколку сите овие луѓе се човечки ресурси фрлени во отпад, тогаш космонаут под стечај е еден од најгротескните примери за жалното залудно трошење на човечкиот потенцијал“, објаснуваат „Ефемерки“.
Така, додаваат тие, личноста која е отпуштена од работа, како да „лебди во воздух“. Тие го вклопуваат и концептот на Делез и Гатари за „линија на лет“ (“line of flight”) , кој е имагинарен план за бекство, желба да се биде некој друг, некаде другаде – да се избегне од ситуацијата на „статус кво“.
„Во оваа насока, секој од нас може на кратко да стане „Космонаут под стечај“ и да го преземе на свој грб егзистенцијалниот товар на Алексеј. Вес, кој поголемиот дел од денот го поминува седејќи пред затвореното бифе на космодромот во Кисловодск, јадејќи варено јајце со буковец и месен нарезок, се надева дека неговиот протест ќе биде виден и чуен. Потребна му е нашата поддршка во оваа борба“, велат двете уметници.

## „Космонаут под стечај“ како фрлена јадица до сите нас

Токму овој повик го почувствуваме како „фрлена јадица“, па решивме да загриземе, не за да нè „уловат“ и „изедат“ туку за да излеземе на површината сите заедно и да ја споделиме приказната на „Ефемерки“, на Вес, но и на секој од нас.
Космонаутот беше изложен кус период во Мобилната/ Монтажна галерија во Скопје, како дел од доделувањето на годишната награда „Денес“ за млад ликовен уметник. Присутните се фотографираа и испраќаа фотографии од самите себе си како позираат во улога на Алексеј. Споделувањето се случуваше на социјалните мрежи со хаштаг kosmostecaj.
- Нам ни беше особено интересен изразот кој делото го генерира кај посетителот, земајќи го предвид моментот на позирање и забава во судир со приказната на космонаутот стечаец. Си поигравме со фактот дека стечаецот, наоѓајќи се во личен и професионален вакуум, психолошки и финансиски е “ни на небо ни на земја”, како што е впрочем и самиот космонаут – вели Заревска.
Димитровска пак, додава дека невработеноста е проблем понекогаш колку што е и вработеноста во Македонија.
- Со ова не сакам да звучам несензибилно, но работникот како таков ужива нови сурови неолиберални права. Не е во ред да си невработен, нити да си вработен. Сведоци сме на експресното намалување на работничките права и трудовото законодавство, па состојбата од социјалистичка

Број 26.



Број 25



Број 24



Број 23



Број 22
22
Број 21







public
RESEARCH•COMMUNICATIONS•DEVELOPMENT




SOCIAL IMPACT
AWARD

Југославија до денес мене лично ми одозвонува низ изреката “Од коњ на магаре” па пеш. Тоа е случајот на “космонаут под стечај” – вели таа.
Двете раскажуваат дека тргнале со два проекта кои ги правеле за номинација за наградата „Денес“.
- Договорот беше кој проект го завршиме побрзо - со тој ќе одиме. Како трка на два коња-проекти, чисто за да се забавуваме повеќе. Космонаутот “победи”, а другиот перформанс (со работен наслов “Свет Талог”/ “The Holy Sludge”) тангира неколку општествени феномени сублимирајќи ги во една многу луцидна интеракција во кој е вклучена и магија во форма на хемија и физика. Тој е сèуште е во сеф и чека да види и да биде виден од публика – рече Заревска.
Димитровска дополнува дека идејата за космонаутот датира од порано, а обете имале документ со сцени/ сценарија и релевантни теми кои и ги интересираат со тенденција да ги реализираат сите како што спонтано им доаѓа редот.
- Идејата во форма на космонаут од Кисловодск кој седи пред Кооперација и јаде јајце со вегета, Драгана ја имаше како сцена уште пред некоја година. Работата беше во тоа да се пронајде соодветниот медиум кој ќе ја пренесе приказната бидејќи контекстот беше јасен. Темата како таква е одамна актуелна кај нас. Делото е такво кое повикува на интеракција и креирање на своја микро приказна, па очекував реакција во некаков склад со инструкциите која што како што сведочат фотографиите и се случи. Не успеав да присуствувам лично на настанот но со оглед на тоа дека до некаде асоцира на космодром, космонаутот прилично се вклопи во целиот контекст – вели Димитровска.
„Космонаут под стечај“ е дело кое одлично би комуницирало на јавни простори, на настани како протести, трибини за работнички права, па ги прашавме „Ефемерки“ за план да го „прошетаат“ космонаутот.
- Идејата за протести, трибини е одлична. Јас би била заинтересирана за развивање на “алатка”, метод или принцип за протест преку симболика од овој тип која би била достапна за секого – вели Димитровска.
- Јас последниве две години сум активно фокусирана на истражувања и документирање на перформанс уметност која се извела од учесници на протести, особено на „Окупај“ протетстите низ светот, бидејќи го одбележаа нашето време. Тој тип на перформанс го нареков “Народен перформанс”, а нашиот космонаутот под стечај многу лесно би можел да стане тоа со таква интервенција – вели Заревска.

**Шема за оригами череп како изговор за соработка**

Бевме љубопитни и за спојот на креативните авторитети на овие две индивидуалки, за приказната за настанокот на „Ефемерки“. Заревска објаснува дека Јасна ѝ пришла на муабет на една изложба, барајќи ѝ шема за оригами череп, а потоа комуникацијата продолжила и на скајп. Бргу потоа, настанал „Методот Леле“ кој до сега е прикажан на четири фестивали, од кои последно на „Октомврискиот салон“ во Белград минатата година.
- Да, на изложбата на Драгана сфатив дека треба да работиме заедно. Оригами черепот беше изговор за да стапиме во контакт. Нашите посебни јазици на творење прилично се разликуваат но токму тоа им дава мултифасетност на „Ефемерки“. Кога би ги споредила нашите посебни портфолија,„Ефемерки“ е точниот пресек на два уметнички света, два методи на работа и два ума кои уживаат да работат на контекстуализација и реализација на навидум комични и екцентрични идеи. „Ефемерки“ е пресек на нашето современо теориско и практично знаење низ призма на традицијата и уличниот жаргон, место каде профаното го среќава монденското со јасна цел - нивелирање на елитизмот во уметничкиот контекст – рече Димитровска.
Нивната уметничка историја е од различни подрачја – Јасна од литературата и дизајнот, Драгана од филмот, а двете следат сè што е ново и од уметнички и од теориски



Број 20: Здраво семејство - зрело...



Број 19



Број 18

broj18

Број 17

broj17

prev 1 2 next





International Network of Street Papers

holistic

карактер. Го обожаваат италијанскиот философ Џорџо Агамбен, бидејќи, како што вели Драгана, тој е добар раскажувач, не само сувопарен философ а и многу ги потсетува на Хулио Кортасар. Како инспиративни ликови од современите уметници, Заревска ги издвојува Јинка Шонибаре и Чарлс Ледреј.
- Двајцата работат со текстил, а јас потекнувам од крај со многу конфекциски работнички, па некако имам наклоност кон тој тип на работа.  Ми се работи со таков медиум во некој од следните проекти. Од Балканците, препорачувам да се нурнете во работата на Владимир Николиќ од Србија - генијален е, прекрасно работи. На врвот на сè деновиве, е Агнес Маер-Брандис, едно откровение од уметница кое ми го приреди Јасна неодамна – објаснува Заревска.
- Уметницата Агнес Маер-Брандис ми е нешто најпоетично периодов. Таа ги истражува можностите на нов вид на нарација на комбинирање на релност и фикција преку употреба на научни методи, уметничка фантазија и најнови технологии. Сето тоа произведува еден мечтателски шарм на дете кое се спрема за пат низ вселената со ракета од картон – додава Димитровска.
Таа раскажува и дека неодамна пронашла делумен превод од „Транспарентно Општество" на германскиот филозоф Бјунг-Чул Хан, кој во форма на манифест критички ја анализира современата обзервација, само-обзервацијата и контрола преку истата овозможена во последниот технолошки контекст.
- Од друга страна книгите за електонски артефакти на Антони Дан и Фиона Раби ми ја враќаат вербата во дизајнот како нешто кое може да генерира културолошко значење и дебата. Ијан Богхост со неговата книга"Феноменологија на другото" (Alien phenomenology) се обидува да демонстрира како нашата егзистенција е подеднакво битна/небитна како и егзистенцијата на еден филџан, пијано, папагал, молив, прозор … тоа е интригантна книга за преиспитување на сопствените етички ставови. Но тоа го прават и Латур, Харман и останатите моментално популарни object-oriented филозофи – додава Димитровска.

**Луцидно поигрување со историјата**

Во своите перформанси, „Ефемерки" луцидно си поигруваат со историјата, со корените и со она што за некого би било вистинска светост. Историјата, корените и традицијата како да добија ново значење во општествена, но и во уметничка смисла, па ги прашуваме „Ефемерки" како дали ваквото нивно „поигрување" е единствениот начин да останеме свесни и трезвени?
-Можам со сигурност да кажам дека цинизмот и црниот хумор се легитимна стратегија на преживување во едно тотално дисонантно општество. Јас имав проблем со општеството уште и пред горeспоменатиот период, така што со црн хумор и пораснав – вели Димитровска.
Таа ја дообјаснува и нивниот проект „Ретроспективна изложба", кој ги проблематизира историјата, корените и традицијата како ново произведен легитимитет.
- Преку инсталација на "вештачко колено" ("вештачко колено" е лажна, измислена личност или генерација) во семејното стебло јас и Драгана имаме изложба во името на нашите измислени истоимени покојни баби кои наводно биле реномирани уметнички. Преку таквото лажење на себеси и другите, стекнуваме уметнички легитимитет, па и имунитет – објаснува Димитровска и додава дека сите нивни проекти го имплементираат хуморот како увертира во мрачните и социјално-критични содржини.
Заревска пак, додава дека суштината на нивната работа лежи врзиницијативата да објаснуваат сложени философски концепти низ едноставни анегдоти.
- Маскирана и неразбирлива уметност има премногу, ние се трудиме да правиме јасна и разбирлива.А, хуморот историски е најпотребното нешто во уметноста и теоријата во моментов. Постмодерната со нејзината огромна доза на скепса кон сè што мрда, како да го има закочено историскиот развој на човечкиот мозок и го има присилено



Лице в л…
9.9k likes
Like Page
40 friends like this

да се досадува. Заносна убавина и комплексност на изведба на дела низ историјата на архитектурата и уметноста има доволно, таму веќе не мораме да се натпреваруваме со себе како човештво. Она што денес ни фали е еко-одржливост, и...смеење. Ние сакаме да ги разбиеме митовите дека: 1) филозофијата и теоријата лишуваат од способност за хумор, 2) дека смеењето е за неуки и бедни, како што отсекогаш комедијата и гротескното биле сметани за евтин жанр за забава на рајата. По малце се плашам од луѓе без смисла за хумор – вели таа.

Иако работат на далечина, едната во Германија, а другата од овде, успеваат да најдат заедничка инспирација и во моментов го планираат следниот проект насловен „Дискурзор против Контекстер” кој алудира на познатиот филм од 1993 година “Вонземјанин против Предатор”. Овој проект ги проблематизира дисциплинарањето и моќта како политика низ која се креира уметноста.

- Станува збор за перформанс и е пообемен проект кој веќе некоја година стои во нашиот “документ” и чека реализација. Идејата ја добивме во еден неврзан разговор со кураторката Елена Велјановска која ни пренесуваше новости од некоја уметничка трибина каде еден од учесниците ѝ ја претставил идејата за професија “контекстерка”. Се работи за проширен концепт за професијата куратор/ка. Во нашиов случај Контекстерот и Дискурзорот се грабливи видови кои се наметнуваат во јавниот живот во еден град/земја, и тешко дозволуваат нивните позиции, квалитет на работа и степен на иновативност, да бидат ставени под прашалник – рече Димитровска.

Заревска додава дека „Ефемерки“ е група која работи на, не по повеќе од еден проект годишно, а премиерата на “Дискурзор против Контекстер” би била следната година.

фотографии: „Ефемерки“

пишува: Маја Неделковска

07.10.2014

© Copyright licevlice.mk 2013. Сите права задржани.